# Запознајте го Маврово преку планинскиот велосипедизам

**Рута: Маврово - Леуново - Чавкарник - Царевец - Маврово**

Времетраење: 6 часа

Број на учесници: 5

## Опис на турата

Средно тешка тура која ќе ве однесе низ најубавите офф-роуд предели на Маврово, Леуново и Чавкарник. Најпрво возиме од Маворов до Леуново по асфалтен пат за загревање, потоа следи искачување во густа букова шума до височините под врвот Сандакташ за да се упатиме кон бачилото Чавкарник каде ќе имаме можност да вкусиме локално бело овчо сирење. Од тука следи возење до месноста Царевец и спуштање повторно до селото Маврово.

## КАДЕ

Планина Бистра во срцето на најголемиот национален парк во Македонија - Маврово.

| | |
|---|---|
| **Стартна точка** | Село Маврово |
| **Завршна точка** | Село Маврово |

## ЗА КОГО?

Оваа авантура по тежина спаѓа во средно тешка велосипедска тура и е наменета за активни велосипедисти. Потребна е основна велосипедска опрема, исправен велосипед за оффроуд, кацига и соодветна психофизичка подготвеност.

### Технички детали за турата

| | |
|---|---|
| **Должина** | 45км |
| **Искачување** | 800 м |
| **Спуштање** | 800 м |
| **Највисока точка** | 1700 м.н.в |
| **Најниска точка** | 1250 м.н.в |
| **Просечно времетраење** | 6 часа |

### Дополнителни детали

| | |
|---|---|
| **Тежина** | Средна тура - 3/6 |
| **Техничка подготвеност** | 4/6 |
| **Пејсажи** | 5/6 |

### Задолжителна опрема

1. Исправен велосипед за оффроуд
2. Јакна за дожд
3. Течност во волумен од мин. 1 литар
4. Заштита од сонце (капа, наочари, крема за сончање)
5. Резервна облека
6. Храна за 1 ден
7. Кацига
8. Основна опрема за велосипед